Врз основа на член 5, 14 и 20 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. весник на РМ бр.31 од 2010година) основачкото Собрание на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци, на 05.07.2010 година донесе

# С Т А Т У Т

## на Здружението за
## за заштита и унапредување на животната средина
## ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци

### Општи одредби

### Член 1

Здружението на граѓани за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци е невладина, непартиска, непрофитабилна организација формирана со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел подигање на свеста кај јавноста за прифаќање и поддршка на заштитата и унапредувањето на животната средина.

### Член 2

Името на здружението на граѓани е: Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци ( во натамошниот текст само ЕКО-ЖИВОТ или здружение). Седиштето на Здружението на граѓани за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци е на Булевар Македонија бр.7-1/8.

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци се организира и делува на територијата на Општина Кавадарци и соседните општини.

### Член 3

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци е правно лице.

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението.

Штембилот е правоаголен.

**Член 4**

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци како здружение на граѓани своите цели, дејности и активности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, законите кои ја регулираат материјата во оваа област и овој Статут.

Во рамките на здружението се забранува политичко и верско организирање.

**Член 5**

Работата на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на здружението за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските активности, со поднесување на извештај за работата и за материјално-финансиското работење на органите и телата на Здружението и други начини.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатот, радиото, телевизијата и интернетот и други средства за комуникација.

За информирање на членовите и пошироката јавност Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци може да издава списанија и други печатени материјали, организира конференции за средствата за информирање и да издава соопштенија за јавноста.

**Член 6**

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци ќе се стреми кон следниве цели и задачи :

- промоција на заштитата и унапредувањето на животната средина.
- подигање на свеста кај граѓаните, со посебен нагласок на малолетниците за заштита и унапредување на животната средина и живиот свет што не опкружува
- следење на светски и европски стандарди во областа на зачувување на животната средина
- воведување на светски и европски стандарди
- едукација на јавноста за заштита и унапредување на животната средина
- воспоставување на комуникација со организации од ист или сличен карактер
- предлог и организирање на културно-еколошки настани,трибини

- изработка на планови и проекти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина
- изложување на идеи и проекти со цел да се придонесе за подобра еколошка свест кај граѓаните со посебен нагласок и едукација на малолетниците
- предлози за активирање на еколошки проекти за разубавување на животната средина
- организирање на културно-еколошки натпревари од општински, државен и меѓународен карактер
- отворање на работни еколошки клубови и работилници
- организирање ликовни изложби, колонии и концерти
- издавање на книги, брошури , ЦД материјали , списанија од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина
- превенција против уништувањето на животната средина
- членување во меѓународни организации од ист или сличен карактер
- соработка и имплементација на заеднички проекти со домашни и странски институции и организации кои имаат исти или слични цели и задачи и
- други слични форми и начини на дејствување

## Членство во Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци

### Член 7

Член на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци може да биде секој граѓанин на Република Македонија кој ги прифака Статутот и програмата на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци и доброволно пристапува во истото, а одлуката за прием ја носи собранието на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци со мнозинство гласови.

Зачленувањето во Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци се врши со пристапница која при исклучување или престанок на членството задолжително се враќа.

### Член 8

Секој член на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци ги има следниве права, должности и одговорности:

- активно да учествува во работата на ЕКО-ЖИВОТ односно во креирањето и остварувањето на целите, програмата и задачите на ЕКО-ЖИВОТ, како и активностите кои произлегуваат од нив;
- да присуствува на состаноците;
- редовно да плаќа членарина;
- остварува и други права, должности и одговорности кои произлегуваат од овој статут.

Членовите на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци треба да присуствуваат на состаноците на собранието и немаат право на глас.

Ниту еден член на организацијата не смее да го користи своето членство како начин на реализација на политички интереси и во своја корист.

Секој член на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци за својата работа одговара пред соодветните тела на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

**Член 9**

Членството во Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци престанува по следните основи :

-Ако членот неоправдано изостане од сите редовни и вонредни состаноци на Собранието на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци во текот на календарската година;

-Ако членот не ја плати чланарината во одредениот рок;

-Ако членот потешко ги прекрши одредбите на статутот на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

За настапувањето на основите за престанок на членството одлучува Собранието на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци на првиот нареден состанок.

**Член 10**

Органи на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци се:

- собание
- извршен одбор
- претседател
- потпретседател

- секретер
- благајник
- портпарол

**Собрание на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци**

**Член 11**

Собранието е највисок орган на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 12**

Собранието ги има следниве овластувања и должности:

- донесува Статут на здружението, програма и други акти и врши измена и дополнување на истите;
- избир претседател, секретар и членови на извршен одбор;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- одлучува за здружување и разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува за основање на трговски друштва;
- усвојува годишен извештај;
- усвојува завршна сметка ;
- донесува правилници, одлуки, заклучоци, препораки и други акти за регулирање и разрешување на прашања од интерес на здружението;
- донесува детална годишна програма за активности;
- донесува програма за работа;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- се грижи за наменско користење со средствата и приходите;
- одговара за управувањето со имотот на здружението;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот на здружението.

**Член 13**

Седници на собранието свикува претседателот на Собранието.

Седници на собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5(една петина) од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена не свика седница на дадениот предлог,седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловодникот за работа на Собранието.

**Член 14**

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци полноважно работи ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

На Собранието одлуките се донесуваат јавно освен ако со мнозинство членови од вкупниот број на присутни членови се одлучи гласањето да биде тајно.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

## Извршен одбор на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци

**Член 15**

Извршниот одбор на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на ЕКО-ЖИВОТ во согласност со статутот.

**Член 16**

Извршниот одбор на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци брои 5 (пет) членови, кои ги избира Собранието на Здружението.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 2 (две) години, со можност за неограничен број мандати.

**Член 17**

Извршниот одбор ги врши следните работи :

- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и политиката, заклучоците и одлуките донесени од Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.
- Предлага измени и дополнувања на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието.
- Поднесува предлог до Собранието за прием на нови членови
- Организира и активно учествува во спроведувањето на разни акции и манифестации
- Донесува одлуки за награди, пофалници и признанија
- Врши други работи.

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

**Член18**

Извршниот одбор свикува седници по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

Седница на Извршен одбор свикува Претседателот на здружението.

Предлог за свикување на седница на Извршен одбор може да поднесе една половина од извршниот одбор и една третина од членовите на Собранието на здружението.

Со седницата на Извршниот одбор раководи и председава Председателот на здружението, а во негово осуство потпретседателот на здружението.

За секоја одржана седница на Извршниот одбор задолжително се води записник, кој се објавува до членовите на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

.

**Член 19**

Извршниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број негови членови.

Извршниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

**Претседател на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци**

**Член 20**

Претседателот го претставува и застапува здружението.

Претседателот на здружението се избира од собранието со мнозинство гласови од собранието за мандатен период од 2 години , со можност за неограничен број мандати.

Во отсуство на претседателот неговите обврски ги превзема потпретседателот на здружението.

**Член 21**

Претседателот ги има следниве права, должности и одговорности:

- ја спроведува политиката на Здружението;
- ја свикува седницата на Собранието и Извршниот одбор
- предлага програма за работа
- ги потпишува и се грижи за спроведување на актите што ги донесуваат Собранието и Извршниот Одбор
- Го претставува и застапува здружението согласно овластувањата утврдени со овој Статут регионалните и мегународните организации чии член е Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци
- одговара за седиштето на здружението
- остварува и други права, должности и одговорности што ке му ги довепат Собранието и Извршниот одбор, или произлегуваат од овој Статут или се утврдени со Закон.

Претседателот за својата работа одговара пред Собранието.

**Член 22**

Функцијата претседател може да му престане:

- по негово барање
- со истекот на мандатот за кој е избран
- доколку поради неактивност, несовесно вршење на доверените права, должности и одговорности или активност насочена против целите и задачите на Здружението

**ФИНАНСИРАЊЕ на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци**

**Член 23**

Здружението остварува средства од:

- членарина
- донации и грантови
- спонзорства од трговски друштва
- надоместоци од извршени услуги за други организации
- средства од буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетот на општина Кавадарци.

**Член 24**

Секој член е должен да плаќа членарина чиј износ го утврдува собранието на здружението.

Во случај член на Здружението да не ја плати членарината за тековната календарска година му престанува членството во Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

**Член 25**

Користењето и располагањето со средствата на здружението добиени по основ на член 23 се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**Член 26**

За користење и располагање со средствата одлучува Собранието на здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 26**

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 23 од статутот како и расходите за планираните активности за заедничка потрошувачка на вработените, материјалните трошоци за работата на Здружението и други расходи на Здружението.

**Основање на ограноци**

**Член 27**

Доколку се појави иницијатива и потреба за отварање на ограноци на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци тоа ке може да се направи со одлука на Собранието која треба да е донесена со мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

**Престанок на здружението**

**Член 28**

Здружението ќе престане со работа ако за тоа одлучи Собранието со двотретинско мнозинство, ако бројот на членови се намали под бројот определен за основање.

**Член 29**

По престанокот на работа на здружението имотот стекнат после формирањето ќе се подели под еднакво помеѓу основачите или ќе се продаде и готовината под еднакво ќе се подели.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 30**

Права на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци.

.

**Член 31**

Измени и дополнувања на овој Статут врши собранието на здружението по сопствена иницијатива и по иницијатива на претседателот на здружението.

**Член 32**

Овој Статут влегува во сила на денот на неговото донесување`````